**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**бр. 02-205/15**
**Скопје, 14.11.2022 година**

Записник од седумдесетта седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 14.11.2022 година.

Присутни:
г-дин Антонио Јолевски -Претседател на Советот
г-дин Арбер Исаку – Заменик претседател
г-дин Влатко Георгиевски член
г.Љубомир Јовески член
г-ѓа Јасна Жежова член
г-Иџет Мемети член
г-ѓа Фиданка Рајевска член
г.Коле Штерјев член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, г-дин Антонио Јолевски констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на седумдесеттата седница на Советот.

Претседателот на Советот го предложи следениот дневен ред:

1. Донесување на одлука за именување на основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција – Скопје.
2. Донесување на решение за мирување на функцијата јавен обвинител во ВЈО Гостивар за јавниот обвинител Ислам Абази, поради изборот за основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција – Скопје.
3. Донесување на одлука за избор на Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Скопје
4. Донесување на одлука за избор на Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Гостивар
5. Донесување на одлука за избор на основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Битола
6. Донесување на одлука за избор на основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Велес
7. Донесување на одлука за избор на основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Гостивар

8. Донесување на одлука за избор на основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кавадарци
9. Донесување на одлука за избор на основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Куманово
10. Донесување на одлука за објавување на оглас за избор на 4(четири) јавни обвинители во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција – Скопје.
11. Разно

Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски ја отвори 70-та седница на Советот и воедно го предложи дневниот ред. Вака предложениот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точка еден од дневниот ред Претсдателот на Советот г-дин Антонио Јолевски му даде збор на Претседателот на Комисијата за спроведување на гласање за избор на основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција-Скопје, г-дин Влатко Георгиевски.

Член на Советот даде извештај и воедно ги запозна членовите на Советот, како и јавноста која присуствуваше на седницата за текот на постапката при избор на основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција- Скопје. Кажа дека на огласот првично се пријавиле пет кандидати, по што еден од кандидатите, јавниот обвинител Енџелуше Кадриу Леши ја има повлечено пријавата за кандидатура од лични причини. Истакна дека останатите пријави биле разгледани од страна на Советот, и било констатирано дека четворицата кандидати, ги исполнуваат законските услови од член 61 и член 62 од Законот за јавното обвинителство, односно дека сите исполнуваат услови за да бидат избрани за основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција- Скопје, по што Советот на седница ја утврдил и кандидатската листа. Истакна дека избориот именик бил ажуриран и доставен до Вишите јавни обвинителства, како и до ЈОРСМ, по што Советот формирал трочлена Комисија за спроведување на изборот за основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција- Скопје, и при тоа бил утврден денот кога изборот ќе биде спроведен. Комисијата за избори формира пет избирачки одбори, за секое од петте гласачки места. Гласањето се спроведе во мирна и демократска атмосфера, немало никакви забелешки за текот на гласањето. По затварањето на гласачките места изборните Комисии составиле записници за текот и резултатите на гласањето, и истите заедно со целокупниот избирачки материјал го доставиле до Комисијата за избор. Комисијата за избори по отварањето на ковертите доставени лични од претседателите на избирачките одбори, констатира дека во записниците не се ставени никакви забелешки за текот на гласањето, а потоа се пристапило кон сумирање на резултатите и го утврдиле изборниот резултат по изборните места. Кажа дека во законскиот рок немало поднесено приговори ниту од кандидатите, ниту од избирачите. Истакна дека право на глас имале вкупно 163 јавни обвинители, дека вкупно гласале 158, додека 5 јавни

обвинители не излегле на гласање. Воедно ги запозна присутните со изборниот резултат и кажа дека најмногу гласа 66 има добиено кандидатот Ислам Абази, кандидатот Ермон Незири има добиено 64 гласа, кандидатот Деса Пауновска 10 гласа и кандидатот Вилма Русковска 14 гласа., неважечки биле четири гласачки ливчиња. Потенцираше дека сумирањето на резултатите било снимано од страна на МИА и дека било објавено на веб страницата на Советот. Истакна дека согласно добиените гласови на сите обвинители во РСМ, за основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција- Скопје, стекнал законски услови да биде избран јавниот обвинител Ислам Абази кој има добиено најмногу гласови од страна на јавните обвинители во РСМ. Воедно ги запозна присутните со неговата биографија и движење во кариерата.

Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски по излагањето на член на Советот отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Член на Советот кажа дека согласно одредбата од член 66 од Законот за јавното обвинителство, Советот на јавните обвинители на РСМ, нема законска надлежност ниту овластување да ја делегитимира волјата на јавните обвинители кои гласале во РСМ, односно дека има обврска да го именува кандидатот Ислам Абази кој што добил најмногу гласови за избор на основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција- Скопје.

Збор зема г-дин Иџет Мемети истакна дека од излагањето на претседателот на изборната Комисија, може да се констатира дека изборниот процес бил спроведен во согласност со законските процедури, немало никакви пропусти при спроведувањето на гласањето, како и дека немало забелешки или приговори, што треба да се поздрави. Овој начин на избор на јавен обвинител на ОЈО ГОКК, за прв пат се применува и јавните обвинители имале можност на слободно, непосредно и тајно гласање да избираат јавен обвинител на ОЈО ГОКК. Кажа дека Советот ја следи работата на јавните обвинители во РСМ, преку извештаите кои се доставуваат до Советот. Воедно го нагласи работењето на Вишото јавно обвинителство Гостивар, и основните јавни обвинителства од ова подрачје, како што кажа дека во последните два извештаи има видливи резултати во однос на ажурноста и на стручноста. За крај му честита на изборот на г-дин Ислам Абази на изборот за основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција- Скопје.

Заменик претседателот на Советот, кажа дека како член на Коммисијата за спроведување на избор на основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција- Скопје, се согласи со претседателот на Комисијата г-дин Влатко Георгиевски, и кажа дека од самиот почеток на гласањето и отварањето на гласачките места, па до самиот крај, се поминало во најдобар ред и дека немало никакви приговори поднесени на записник. Воедно кажа дека по објавувањето на резултатите исто така немало приговори доставено до Советот од страна на самите кандидати, и согласно тоа констатира како член на Комисијата за спроведување на изборите дека целата постапка била спроведена согласно законот.

Член на Советот даде пофални зборови за јавниот обвинител Ислам Абази и воедно кажа дека со неговото избирање за Виш јавен обвинител на ВЈО Гостивар, значително биле подобрени работите во основните јавни обвинителства од ова подрачје, во однос на намалување на бројот на заостанати и нерешени предмети и тоа уште во првата година откако бил избран на таа позиција. Истакна дека ова е доволен показател дека станува збор за стручен јавен обвинител и за четири години, биле санирани состојбите во основните јавни обвинителства од подрачјето на ВЈО Гостивар. Воедно кажа дека го подржува изборот на јавниот обвинител Ислам Абази за шеф на ОЈО ГОКК-Скопје.

Збор зема јавниот обвинител на РСМ, г-дин Љубомир Јовески кажа дека ОЈО Гостивар било целосно неажурно јавно обвинителство и со доаѓањето на јавниот обвинител Ислам Абази за шеф на ВЈО Гостивар, Советот на јавните обвинители на РСМ, ЈОРСМ и ВЈО Гостивар, направиле програма за надминување на состојбите во тоа јавно обвинителство. Потенцираше дека сите стари предмети биле расчистени со помош на јавните обвинители од ВЈО Гостивар на чело со јавниот обвинител Ислам Абази, што укажува на неговите стручни и менаџерски способности, кој денес е избран за јавен обвоинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција – Скопје.

Член на Советот кажа дека и покрај тоа што имало префрлување на надлежноста од Основното јавно обвинителство Гостивар во Основното јавно обвинителство Кичево, тоа небило избегнување на некаква обврска и дека извештаите кажуваат кои предмети и како биле решени, но кажа дека и предметите кои биле префрлени во Основното јавно обвинителство Кичево, биле во негова надлежност и товар. Водно кажа дека од извршените контроли кои биле спроведени во Вишото јавно обвинителство Гостивар, јавниот обвинител Ислам Абази вложувал голем напор и спровел план, а се со цел да се растерети тоа јавно обвинителство каде работеле само двајца јавни обвинители.

Откако никој не зема збор претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски, ја стави на гласање одлуката за именување на јавниот обвинител Ислам Абази за основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција – Скопје.

Едногласно со добиено 7(седум) гласа ЗА , за основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција – Скопје, беше именуван г-дин Ислам Абази.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за именување на јавниот обвинител Ислам Абази за основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција – Скопје.**

Под точка два од дневниот ред, Советот донесе решение за именување на јавниот обвинител Ислам Абази за основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција – Скопје, со што функцијата јавен обвинител во ВЈО Гостивар ќе му мирива додека ја извршува функцијата основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција – Скопје.

Под точка три од дневниот ред, претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски кажа дека сите извештаи за кандидатите биле доставени до Советот, но се каснело со оценувањето на кандидатите, со што на членовите на Советот им треба дополнително време истите да ги разгледаат. Затоа предложи седницата да биде прекината и одлижена по останатите точки од дневниот ред.

Од страна на членовите на Советот беше одлучено седницата да се прекине и истата биде продолжена на ден 21.11.2022 година, со почеток во 10:30 часот.

**На ден 21.11.2022 година, во 10:30 часот, продолжи прекинатата 70-та седница на Советот.**

Присутни:
г-дин Антонио Јолевски -Претседател на Советот
г-дин Арбер Исаку – Заменик претседател
г-дин Влатко Георгиевски член
г-ѓа Јасна Жежова член
г-Иџет Мемети член
г-ѓа Фиданка Рајевска член
г.Коле Штерјев член

Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски ја продолжи седумдесетата седница под точката три од дневниот ред. Воедно кажа дека јавниот обвинител на РСМ, г-дин Љубомир Јовески е спречен од здравствени причини да присуствува на седницата, со што констатира дека Советот нема кворум и не ќе може да се врши избор на јавни обвинители по точките утврдени со дневниот ред, со што треба да се оди со поставување на вршител на должност во вишите и основните јавни обвинителства, се додека во Советот не се створат услови за спроведување на избор на јавни обвинители. Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевска кажа дека за вршител на должност ќе се постават во сите обвинителства, освен во ОЈО Куманово и ОЈО Гостивар, каде веќе има поставени вршител на должност основен јавен обвинител на овие јавни обвинителства. Воедно предложи за вршител на должноста виш јавен обвинител на ВЈО Скопје биде поставен јавниот обвинител Мустафа Хајрулахи. Предлогот на претседателот на Советот едногласно беше прифатен од страна на членовите на Советот.

Под точка четири од дневниот ред Претседателот на Советот за вршител на должност виш јавен обвинител на ВЈО Гостивар, ја предложи јавниот обвинител Вјолца Елмази. Предлогот на претседателот на Советот едногласно беше прифатен од страна на членовите на Советот.

Под точка пет од дневниот ред Претседателот на Советот за вршител на должност основен јавен обвинител на ОЈО Битола, ја предложи јавниот обвинител Оливера Нечаковска. Предлогот на претседателот на Советот едногласно беше прифатен од страна на членовите на Советот.

Под точка шест од дневниот ред Претседателот на Советот за вршител на должност основен јавен обвинител на ОЈО Велес, ја предложи јавниот обвинител Гордана Тодорова. Предлогот на претседателот на Советот едногласно беше прифатен од страна на членовите на Советот.

Под точката седум од дневниот ред, претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски, кажа дека во ова јавно обвинителство веќе има поставено вршител на должност и дека тоа е јавниот обвинител Душица Димитриевска.

Под точката осум од дневниот ред Претседателот на Советот за вршител на должност основен јавен обвинител на ОЈО Кавадарци, ја предложи јавниот обвинител Елизабета Мишева Јорданова. Предлогот на претседателот на Советот едногласно беше прифатен од страна на членовите на Советот.

Под точка девет од дневниот ред претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски, кажа дека во ова јавно обвинителство веќе има поставено вршител на должност и дека тоа е јавниот обвинител Теута Бедиу Рамадани.

Под точката десет од дневниот ред за донесување на одлука за објавување на оглас за избор на четири јавни обвинители во ОЈО ГОКК-Скопје, претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски отвори дискусија.

Збор зема член на Советот кој кажа дека настанала неприродна состојба, откако Советот на последниот избор за ова јавно обвинителство не избрал ниту еден јавен обвинител, а сега има сознанија дека двајца јавни обвинители од страна на Јавниот обвинител на РСМ, се упатени во ова јавно обвинителство без Советот да биде за тоа известен. Смета дека оваа точка од дневниот ред треба да биде одложена за наредна седница, за да се разгледа состојбата, а потоа да се донесе одлука за објавување на оглас.

Г-дин Иџет Мемети истакна дека не е проблем тоа што се упатени двајца јавни обвинители во тоа јавно обвинителство, можеби може да се замери зошто Советот не бил информиран, но одлуката е законита. Кажа дека Советот неможе да има точна информација зошто овие јавни обвинители се упатени во ОЈО ГОКК, дали е поради на недостаток на јавнообвинителски кадар во ова јавно обвинителство или станува збор за нешто друго. Воедно кажа дека Советот имал објавен оглас за избор на четири јавни обвинители во ОЈО ГОКК, каде Советот не избрал ниту еден од пријавените кандидати, во ова јавно обвинителство има десет јавни обвинители и може да се смета дека овој број во моментот е доволен за нормално функционирање на ова јавно обвинителство. Смета дека оваа точка може да се одложи и на наредна седница да се разговара во присуство на јавниот обвинител на РСМ и основниот јавен обвинител на ОЈО ГОКК-Скопје, а се со цел да се добијат повеќе информации за состојбите во ова јавно обвинителство.

Заменик претседателот на Советот се согласи со дискусиите на колегите и смета дека оваа точка треба да биде одложена за наредна седница, откако ќе се добијат потемелни информации од страна на јавниот обвинител на РСМ и основниот јавен обвинител на ОЈО ГОКК-Скопје,

**Заклучок: членовите на Советот донесоа одлука оваа точка од дневниот ред биде одложена и поставена на една од наредните седница на Советот.**

Под точка разно од дневниот ред, претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски ги запозна членовите на Советот, со поднесоците доставени од страна на јавниот обвинител Ислам Абази, кој бара да биде заменет со друг член на УО на АСЈО, и од јавниот обвинител Јован Цветановски, кој исто така бара да биде заменет со друг член во Комисијата за завршен испит при АСЈО, по што отвори дискусија.

Г-дин Иџет Мемети кажа дека веќе Советот на минатата седница донел одлука и смета дека треба да се прифати барање на јавниот обвинител Ислам Абази и воедно за негова замена како член на УО на АСЈО предложи да биде јавниот обвинител на ОЈО Тетово, г-дин Бесир Алиу.

Предлогот на г-дин Иџет Мемети едногласно беше прифатен од страна на членовите на Советот.

Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски отвори дискусија и во однос на барањето поднесено од страна на јавниот обвинител Јован Цветановски и воедно даде предлог за член на Комисијата за завршен испит на местото на Јован Цветановски, биде јавниот обвинител на ОЈО Струмица, г-дин Миле Петков, на местото на Газменд Мехмеди, се назначува г-дин Фатон Азизи-јавен обвинител во ОЈО Скопје, а за негов заменик се назначува г-дин Артан Ајро- јавен обвинители во ОЈО Скопје.

Предлогот на претседателот на Советот едногласно беше прифатен од страна на членовите на Советот, по што вака изменетите одлуки ќе бидат доставени до АСЈО.

Под точка разно од дневниот ред претседателот на Советот ги запозна членовите на Советот дека од страна на Министерството за правда до Советот е доставена нацрт верзија на ЗКП, и запраша дали Советот треба да формира работна група која ќе го разгледа истиот.

Член на Советот смета дека Советот треба да е практичен, и кажа дека законот се донесува со 2/3 мнозинство и доколку е извесно дека истиот ќе биде донесен, тогаш Советот да формира работна група.

Под истата точка од дневниот ред претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски, ги извести членовите на Советот, дека од страна на Министеррстово за правда до Советот е доставена покана за учество за ден 30.11.2022 година, во врска со официјален почеток на функционирање на дигитална судница лоцирана во близина на затворот "КПУ Идризово", и воедно кажа кој сака да присуствува на отварањето да се пријави во МП.

Под истат точка од дневниот ред членовите на Советот од страна на претседателот на Советот беа запознаени со содржината на писмото доставено од страна на ИКТ-Советот во делот на дигитализацијата, каде се известува Советот дека постои можност да ја користат таа платформа.

Под точка разно претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски се осврна на статусот на јавниот обвинител г-ѓа Вилма Русковска и воедно кажа дека одлуката која е донесена и гласи оддалечување од функцијата јавен обвинител додека трае кривичната постапка која е покрената против неа.

Членовите на Советот едногласно одлучија, јавниот обвинбител Вилма Русковска со решение биде вратена во ОЈО Скопје, од каде и била избрана

за јавен обвинител во ОЈО ГОКК-Скопје, откако и истече мандатот како основен јавен обвинител на ОЈО ГОКК-Скопје.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ, донесе решение, со кое јавниот обвинител Вилма Русковска продолжува да ја врши функцијата јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје, почнувајќи од 21.11.2022 година.**

Под истата точка од дневниот ред, претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски ги извести членовите на Советот, дека јавниот обвинител Фатиме Фетаи до Советот поднела барање кое било испратено по е-маил, во кое стои дека ја повлекува кандидатурата за Виш јавен обвинител на ВЈО Скопје. Воедно смета дека овој допис не е официјален и од таа причина не е поделен на членовите на Советот на запознавање.

Под точката разно Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски кажа дека Советот треба да донесе одлука за исплата на додатоци на плата на членовите на Советот на РСМ за месец Ноември и Декември 2022 година, во висина од 15%, по што Советот едногласно донесе одлука за исплата на додатоци на плата на членовите на Советот за месец Декември 2022 година во висина од 15%

Од страна на членовите на Советот беше одлучено седницата да се прекине и истата биде продолжена, а денот на одржувањето на седницата за избор на јавни обвинители дополнително ќе биде утврден.

**На ден 23.12.2022 година, во 10:30 часот, продолжи прекинатата 70-та седница на Советот, со следниот дневен ред.**

1.Донесување на одлука за избор на Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Скопје

2.Донесување на одлука за избор на Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Гостивар

3.Донесување на одлука за избор на основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Битола

4. Донесување на одлука за избор на основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Велес

5.Донесување на одлука за избор на основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Гостивар

6.Донесување на одлука за избор на основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кавадарци

7.Донесување на одлука за избор на основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Куманово

8.Донесување на одлука за објавување на оглас за избор на 4(четири) јавни обвинители во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција – Скопје.

9. Разно

Присутни:
г-дин Антонио Јолевски -Претседател на Советот
г-дин Арбер Исаку – Заменик претседател
г-дин Влатко Георгиевски член
г-ѓа Јасна Жежова член
г-дин Љубомир Јовески член
г-Иџет Мемети член
г-ѓа Фиданка Рајевска член
г.Коле Штерјев член

Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски ја продолжи седумдесетата седница на Советот со точките кои претходно беа одложени, и воедно додаде дека точките за донесување на одлука за објавување на оглас за избор на четири јавни обвинители во ОЈО ГОКК-Скопје и за објавување на Оглас за избор на ОЈО на ОЈО Штип, ќе бидат оставени за прва наредна седница на Советот, кога ќе се има и бројка на кандидати со завршена обука за судии и јавни обвинители. Предлогот на претседателот на Советот едногласно беше прифатен и усвоен од страна на членовите на Советот.

Се помина на точката за избор на Виш јавен обвинител на ВЈО Скопје. Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски кажа дека на огласот се имаат пријавено тројца кандидати од кои двајца ја повлекле својата кандидатура за избор на ВЈО на ВЈО Скопје, и тоа јавните обвинители Бурим Рустеми и Фатиме Фетаи, и дека останал само еден кандидат , јавниот обвинител Мустафа Хајрулахи. Воедно ги запозна членовите на Советот со биографијата и движењето на кариерата на јавниот обвинител Мустафа Хајрулахи и кажа дека истиот е позитивно оценет, по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема заменик претседателот на Советот кој кажа дека досегашниот ВЈО и ВД ВЈО на ВЈО Скопје г-дин Мустафа Хајрулахи, Советот добро го познава. Истакна дека имајќи ги во предвид претходните и сегашните состојби во ова јавно обвинителство и обвинителствата од подрачјето на ВЈО Скопје, истите биле доста подобрени што може да се види од годишните извештаи, кои Советот позитивни ги има оценето и согласно увидот во месечните извештаи за работата на јавните обвинителства од ова подрачје. Истакна дека се работи за стручен и ажурен јавен обвинител и смета дека со неговиот избор уште повеќе ќе се подобрат работите во ВЈО Скопје, како и во основните јавни обвинителства од ова подрачје.

Член на Советот даде појаснување до медиумите и кажа дека точно е тоа дека се имаат повлечено двајца кандидати и дека имало некои забелешки на годишниот извештај на ВЈО Скопје. Воедно даде и појаснување дека ВЈО Скопје како второстепено јавно обвинителство извештајот го има изготвено согласно добиените податоци од страна на основните јавни обвинителства од ова подрачје. Смета дека во сето ова се бара некаква сензација, а не може да се

стави како пропуст во работењето на ВЈО Скопје. Кажа дека ВЈО Скопје работело ажурно, а кога станувало збор за некаква неажурност тоа се однесувало на некои основни јавни обвинителства од ова подрачје. Воедно кажа дека ќе го поддржи кандидатот за избор на ВЈО на ВЈО Скопје.

Член на Советот се надоврза со дискусијата на колегата Коле Штерјев, и кажа дека јавниот обвинител Мустафа Хајрулахи во првиот мандат како шеф на ВЈО Скопје, се има соочено со доста сериозни проблеми, од причина што имало недостаток на јавни обвинители во ВЈО Скопје, кој проблем покасно бил надминат со избор на неколку јавни обвинители. Во моментот смета дека работите се движат во подобра насока, а од друга страна укажа на фактот дека контролите не биле правени редовно поради ковид состојбата и дека тоа мора да се земе во предвид. Кажа дека сега контролите по јавните обвинителства се редовни и смета дека станува збор за јавен обвинител кој професионално ја извршува функцијата и дека во иднина ќе даде и подобри резултати.

Откако никој не зема збор се помина на гласање за избор на Виш јавен обвинител на Вишото јавни обвинителство Скопје.

За Виш јавен обвинител на Вишото јавни обвинителство Скопје, едногласно беше избран со осум гласа ЗА јавниот обвинител Мустафа Хајрулахи.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука со која за Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Скопје, беше избран јавниот обвинител Мустафа Хајрулахи.**

Се помина на точката за избор на Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Гостивар. Претседателот на Советот истакна дека на огласот се имаат пријавено тројца кандидати и тоа јавните обвинители Деса Пауновска, Душица Димитриеска и Фаик Арслани. Воедно членовите на Советот ги запозна со биографијата и движењето на кариерата на јавните обвинители и кажа дека истите се позитивно оценети, по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема член на Советот која кажа дека на огласот се имаат пријавено тројца кандидати од кои во моментот еден од нив ја извршува функцијата ВД ОЈО на ОЈО Гостивар. Смета дека станува збор за искусни кандидати со долгогодишно работно искуство како јавни обвинители, но сепак смета дека предност треба да се даде на јавните обвинители кои ја извршуваат функцијата во ВЈО Гостивар, од причина што работеле предмети во надлежност на ова јавно обвинителство и добро им се познати проблемите и состојбите во ВЈО Гостивар, а според надлежноста и состојбите во основните јавни обвинителства од ова подрачје. Од таа причина смета дека треба да се даде предност на овие двајца кандидати.

Г-дин Иџет Мемети ја поддржа дискусијата на колешката и кажа дека станува збор за тројца искусни јавни обвинители. Исто така смета дека треба да им се даде предност на јавните обвинители кои се во ВЈО Гостивар и дека треба да биде добар менаџер, а се со цел да се одржи позитивниот тренд во ефикасноста на работењето на ВЈО Гостивар и јавните обвинителства од ова подрачје. Истакна дека помеѓу двајцата кандидати предност би дал за кандидатот Фаик Арслани.

Член на Советот истакна дека кој и да биде избран од пријавените кандидати со успешност би ја извршувал таа функција и исто така е со оцена дека треба да се даде шанса на кандидатите кои се јавни обвинители во ВЈО Гостивар, бидејќи ја познаваат проблематиката и веќе имаа доволно искуство.
Откако никој не зема збор се понина на гласање за избор на Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Гостивар.

Јавниот обвинител Деса Пауновска доби четири гласа ЗА, еден ПРОТИВ и три ВОЗДРЖАНИ, со што не го доби потребниот број на гласови, јавниот обвинител Душица Димитриеска доби два гласа ЗА, три гласа ПРОТИВ и два ВОЗДРЖАНИ, по што не го доби потребниот број на гласови, јавниот обвинител Фаик Арслани доби  седум гласа ЗА и еден ВОЗДРЖАН, по што беше избран за Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителтво Гостивар.

**Заклучок:  Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука со која за Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Гостивар, беше избран  јавниот обвинител Фаик Арслани.**

По оваа точка се помина на точката за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Битола. Претседателт на Советот г-дин Антонио Јолевски кажа дека на огласот се има пријавено еден кандидат  и тоа јавниот обвинител Оливера Нечаковска.  Воедно ги запозна членовите на Советот со биографијата и движењето на кариерата на јавниот обвинител Оливера Нечаковска, кажа дека истата е позитивно оценета, и во моментот ја извршува функцијата ВД ОЈО на ОЈО Битола. Истакна дека станува збор за изграден јавен обвинител и дека ќе ја поддржи при изборот за шеф на ОЈО Битола, по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.
Збор зема член на Советот како координатор за тоа подрачје истакна дека до сега до Советот нема пристигнато претставки за нејзиното работење и постапување, и од друга страна од увидот од месечните извештаи може да се види дека ажурно постапувала и навремено ги извршува работните обврски.
Член на Советот исто така како координатор за ова подрачје кажа дека станува збор за стручен и ажурен јавен обвинител, кој своите работни обврски ги исполнува професионално и дека нема поднесено претставки за нејзината работа до Советот, и воедно смета дека може да и се даде доверба да ја извршува функцијата јавен обвинител на ОЈО Битола.
Откако никој не зема збор се помина на гласање за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Битола.

За  Основен јавен обвинител на Основното јавни обвинителство Битола, едногласно беше избрана со осум гласа ЗА  јавниот обвинител Оливера Нечаковска.

**Заклучок:  Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука со која за Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Битола, беше избрана   јавниот обвинител Оливера Нечаковска.**

Се помина на следната точка од дневниот ред и тоа избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Велес. Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски каже дека на огласот се имаат пријавено двајца кандидати и тоа јавните обвинители Славица Темелковски и Цветанка Богоевска . Воедно ги запозна членовите со биографијата и движењето на кариерата на јавните обвинители, кажа дека иститите се позитивно оценети, по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема член на Советот, кој истакна дека за јавен обвинител на ОЈО Велес се имаат пријавено двајца кандидати, од кој што за колешката Цветанка Богоевска добил исклучително позитивно мислење за време на извршеното интервју во Советот. За јавниот обвинител Славица Темелковски кажа дека заедно работеле во ОЈО ГОКК-Скопје, смета дека станиува збор за личност и јавен обвинител кој треба да ги поседува еден јавен обвинител, дека станува збор за исклучително стручен и професионален јавен обвинител и од тие причини ќе ја поддржи колешката Славица Темелковски.

Член на Советот кажа дека ги познава двете јавни обвинителки , истакна дека станува збор за солидни и успешни јавни обвинителки. Кажа дека јавниот обвинител Славица Темелковски има успешни резултати во работењето како јавен обвинител во ОЈО ГОКК-Скопје, а и како шеф во два мандати во ОЈО Велес. За јавниот обвинител Цветанка Богоевска кажа дека е кандидат со завршена АСЈО, каде што и била и ментор и кажа дека од самиот почеток до сега има голем напредок во нејзината работа и усовршување на професионален план. Кажа дека предност би дала на кандидатот Цветанка Богоевска од причина што јавниот обвинител Славица Темелковски веќе два мандати раководи со ова јавно обвинителство и укажа дека став на Советот е да веќе јавните обвинители кои два пати биле шефови на јавните обвинителства да не им се дава можност по трет пат едно по друго ја извршуваат таа функција. За кандидатот Цветанка Богоевска кажа дека станува збор за млад и надежен јавен обвинител и смета дека Советот треба да и пружи шанса.

Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски кажа дека ги поддржува помладите јавни обвинители за да им се даде шанса подобро се развиваат и напредуваат во кариерата.

Член на Советот истакна дека станува збор за квалитетни јавни обвинителки кои имаат истакнати резултати во работењето.

Откако никој не зема збор се помина на гласање за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Велес.

Јавниот обвинител Славица Темелковски доби четири гласа ЗА, два ПРОТИВ и два ВОЗДРЖАНИ, со што не го доби потребниот број на гласови, јавниот обвинител Цветанка Богоевска доби седум гласа ЗА, и еден ВОЗДРЖАН, по што беше избрана за Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Велес.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука со која за Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Велес, беше избрана јавниот обвинител Цветанка Богоевска.**

Се помина на следната точка од дневниот ред и тоа избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Гостивар. Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски кажа дека на огласот се имаат пријавено двајца кандидати и тоа јавните обвинители Башким Хисени и Душица Димитриеска . Воедно ги запозна членовите со биографијата и движењето на кариерата на јавните обвинители, кажа дека истатите се позитивно оценети, по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема член на Советот како координатор за ова подрачје истакна дека двајцата јавни обвинители се добри, и воедно кажа доколку како критериум се земе младоста тогаш г-дин Башким Хисени е помлад јавен обвинител, но во овој случај смета дека треба да се даде предност на поискусниот јавен обвинител Душица Димитриеска, за која кажа дека одлично ја извршува функцијата што воедно можело да се види и преку извршеното интервју. Воедно кажа дека би се определил за јавниот обвинител Душица Димитриеска.

Заменик претседателот на Советот кој исто така е координатор за ова подрачје кажа дека нема потреба ништо дополнително да се додава од тоа што веќе било кажано од страна на член на Советот, и истакна дека за сето ова време откако е во Советот, за двајцата кандидати немало поднесено претставки за нивното работење.

Член на Советот исто така кажа дека се работи за солидни, добри и стручни јавни обвинители, и предност би дала за јавниот обвинител Душица Димитриеска.

Откако никој не зема збор се помина на гласање за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Гостивар.

Јавниот обвинител Башким Хисени доби четири гласа ЗА, еден ПРОТИВ и три ВОЗДРЖАНИ, со што не го доби потребниот број на гласови, јавниот обвинител Душица Димитриеска доби осум гласа ЗА, по што беше избрана за Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителтво Гостивар.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука со која за Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Гостивар, беше избрана јавниот обвинител Душица Димитриеска**

Под точката за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кавадарци, Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски кажа дека се има пријавено само еден кандидат и тоа јавниот обвинител Елизабета Мишева Јорданова која и до сега ја извршувала функцијата јавен обвинител на ОЈО Кавадарци. Воедно ги запозна членовите на Советот со биографијата и движењето на кариерата на јавниот обвинител, кажа дека истатата е позитивно оценета, по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема член на Советот кој генерално кажа дека избор на јавен обвинител на основно јавно обвинителство со еден кандидат не е баш природна состојба и смета дека Советот неможе да си дозволи да не се поттикнуваат млади кадри да се пријавуваат на оглас за раководители на јавните обвинителства. Инаку ја поддржува колешката и кажа дека покажала добри резултати во работењето.

Член на Советот смета дека можеби Советот треба да истражи зошто помладите јавни обвинители не се мотивирани да се јават на оглас за избор на раководители на јавните обвинителства. Воедно кажа дека ја познава јавната обвинителка од извршените контроли и кажа дека отсекогаш се истакнувала со својата работа и дека ја има нејзината подршка.
Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љубомир Јовески отвори дискусија зошто помладите јавни обвинители не се јавуваат на оглас за избор на раководители на јавните обвинителства, а тоа е дека работата е поодговорна, бара поголемо присуство на работното место и од тие причини јавните обвинители не се јавуваат на огласите.

Откако никој не зема збор се помина на гласање за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кавадарци.
Јавниот обвинител Елизабета Мишева Јорданова доби осум гласа ЗА, по што беше избрана за Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кавадарци.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука со која за Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кавадарци, беше избрана јавниот обвинител Елизабета Мишева Јорданова.**

Под точката за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Куманово, Претседателот на Советот г-дин Антонио Јолевски кажа дека се имаат пријавено тројца кандидати и тоа јавните обвинители Газменд Мехмети, Теута Бедиу Рамадани и Иса Сулејмани. Воедно ги запозна членовите со биографијата и двежењето на кариерата на јавнте обвинители, кажа дека истите се позитивно оценети. Воедно кажа дека јавниот обвинител Теута Бедиу Рамадани сега ја извршува функцијта ВД ОЈО на ОЈО Куманово, по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.
Збор зема г-дин Иџет Мемети кој како координатор за ова подрачје смета дека тројцата кандидати заслужуваат да бидат избрани за шефови на ОЈО Куманово. Воедно истакна дека од тоа што Советот можел да го види во месечните извештаите, може да се констатира дека Советот дал позитивна оцена на истите. Од извршените интервјуа добил впечаток дека кандидатите Газменд Мехмети и Теута Бедиу Рамадани може да одговорат на оваа функција и добро да ја организираат работата. Сепак смета дека јавниот обвинител Теута Бедиу Рамадани се има докажано со досегашната работа како шеф на ОЈО Куманово и би дал предност на овој кандидат.
Член на Советот кажа дека ги дели ставовите на колегата Иџет Мемети и ќе ја подржи г-ѓа Теута Бедиу Рамадани, за која кажа дека успешно се носела со организацијата со совладување на материјата во тоа јавно обвинителство и се покажала како добар организатор и менаџер. Воедно додаде дека ОЈО Куманово цело време го покрива и ОЈО Крива Паланка каде подолг временски период нема јавен обвинител.
Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љубомир Јовески кажа дека ова јавно обвинителство откако е шеф јавниот обвинител Теута Бедиу Рамадани, е

одлично средено и дека функционира на најдобар можен начин. Смета дека тоа треба да биде за пример како едно јавно обвинителство може да се среди.

Откако никој не зема збор се помина на гласање за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Куманово.

Јавниот обвинител Газменд Мехмети доби два гласа ЗА, два ПРОТИВ и четири ВОЗДРЖАНИ, со што не го доби потребниот број на гласови, јавниот обвинител Теута Бедиу Рамадани доби осум гласа ЗА, со што ги доби потребниот број на гласови, и јавниот обвинител Иса Сулејмани доби 0 гласа ЗА, седум гласа ПРОТИВ и еден ВОЗДРЖАН, со што не го доби потребниот број на гласови.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука со која за Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Куманово, беше избрана јавниот обвинител Теута Бедиу Рамадани.**

Под точка разно од дневниот ред г-дин Арбер Исаку ги запозна членовите на Советот со пристигнатите претставки заведени под РО бр. 116/22 и РО бр. 143/22 и воедно кажа дека поради немање на мнозинство, за истите ќе биде дискутирано на наредна седница на Советот, каде членовите на Советот ќе бидат запознаени со содржината на истите.

Откако никој не зема збор Претседателот на Советот ја заклучи продолжената седумдесетта седница на Советот.

Записникот го водел
Аспарух Мисајловски
Генерален Секретар

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Антонио Јолевски**